СДС стана најголем анти - трампистички лидер во регионот, дали отстапија од курсот на државата утврден уште во 90тите, што е следно да играа на "Расцвјетале јаблани и круши"?

Со зачуденост, но и со доза на загриженост, ја следиме вчудоневидувачката трансформација на СДС во анти-трампистички лидер во регионот.

Очигледно, за СДС не е никаков проблем нивниот близок пријател и коментатор, Сашо Орданоски, јавно да го навредува актуелниот претседател на САД, Доналд Трамп, нарекувајќи го „лажго, неонацист и необразован политичар“.

И што прави СДС по ова?

Громогласно молчи!

Се прашуваме,

Дали ова значи нивно отстапување од државниот курс утврден уште во 90-тите години?

Дали можеби Левица го одигра своето влијание врз раководството на СДС и нивните сателити?

Или пак, ова е резултат на мрачните структури поврзани со тајните служби од регионот кои работат Македонија да скршне од својот евроатлантски пат?

Што е следно? Венко и Фани да играат на „Расцветјали јаблани и круши“, додека Фрчкоски и Чупеска во прв ред аплаудираат?

Дали СДС менува курс во политиката и тргна против нашиот стратешки партнер, САД?

Свесен ли е Венко Филипче која штета ја прави за државата?

Очајот на СДС нема крај.

Вратете се на курсот.